АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 12.03.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1343 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 24 февруари 2019 година, издание на емисијата „Во центар“

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 март 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор, реализиран по службена должност, врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 24 февруари 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на програмските начела за вршење на дејноста од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** кои се однесуваат на: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста (**член 61 став 1 алинеја 1**), поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло (**член 61 став 1 алинеја 3**) и објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (**член 61 став 1 алинеја 9**).

Предмет на надзорот беше актуелно-информативната емисија на новинарот Васко Ефтов, „Во центар“ емитувана на ТВ Алфа на 24 февруари 2019 година, во која

беше реализирано интервју со претседателот на политичката партија Достоинство Стојанче Ангелов, кој е и национален координатор именуван од Владата за прашања поврзани со здружението на бранители (22:00:19 – 23:00:00). Во рамки на емисијата беа емитувани и архивски снимки од минати изданија на „Во центар" со исечоци од гостувања во емисијата на Стево Пендаровски, Никола Димитров, Љубчо Георгиевски, генерал Панде Петровски, Божидар Делиќ како и видео инсерти од манифестацијата „Твитер награди" на која учествувал и Стојанче Ангелов.

Интервјуто, како претежно информативен новинарски жанр, подразбира дијалошка форма во која новинарот посредува помеѓу личноста која е поканета на интервју и - публиката, на тој начин што поставува прашања и му остава простор на соговорникот да одговори на нив и евентуално да даде нови информации, за да ѝ се пренесе на публиката подетална елаборација за темата/темите кои се повод за разговорот. Имајќи предвид дека интервјуто не е цел самото за себе, туку треба на публиката да ѝ даде можност самостојно да оформи став за соговорниците и за прашањата за кои се разговара, се очекува дека при интеракцијата ќе се почитуваат општоприфатените стандарди на новинарската професија, етичноста, достоинството на личноста и на професијата. Тоа не значи дека нема да бидат поставувани провокативни прашања - напротив, но подразбира дека при разговорот ќе се задржат професионалната дистанца, пристојноста и ќе се почитува културата на говорот.

Во текот на интервјуто, во одредени делови се одвиваше и следнава комуникација (*цитат хронолошки, според редоследот во разговорот*):

(22:15:11 – 22:16:27)

*„Ефтов: Кога политичарот Стојанче Ангелов го уби генералот Стојанче Ангелов?*

*Ангелов: Јас сум истиот човек.*

*Ефтов: Не. Вас не Ве ранија и не Ве убија во Арачиново. Вие сами се убивате. Ден за ден...*

*Ангелов: Ова е Ваше тврдење Васко...*

*Ефтов: минут, минут за минут...*

*Ангелов: Вие сте грешка...*

*Ефтов: ...секунда за секунда...*

*Ангелов: ...господине Васко, како генерал изграден...*

*Ефтов: ...политичарот, политичарот Стојанче Ангелов го убива генералот Стојанче Ангелов ...*

*Ангелов: Апсолутно не сте во право...*

*Ефтов: ...и тоа си го правите секој ден...*

*Ангелов: ...ова е Ваше тврдење за коешто...*

*Ефтов: ...можете ли во огледало...*

*Ангелов: ...потполно сте...*

*Ефтов: ...можете ли во огледало*

*Ангелов: ...погрешни...*

*Ефтов: ... да се погледните...*

*Ангелов: Кога јас се гледам во Вашите очи...*

*Ефтов: ... генерал Стојанче Ангелов?... Не, во моите очи не можете да се видите...*

*Ангелов: ...во Вашите сјајни очи...*

*Ефтов: ... Дали...*

*Ангелов: ... се гледам...*

*Ефтов: ...дали можи генералот Стојанче Ангелов да го погледне во огледало политичарот Стојанче Ангелов?*

*Ангелов: Добро, јас Вам Ви личам на шизофреничар? Вие цело време зборувате за две личности*

*Ефтов: Не.*

*Ангелов: Малку чудно ми е.*

*Ефтов: Па јас само цитирам што Вие сте пишувале господине Ангелов.*

*Ангелов: Па, истото тоа го повторив и сега во емисија...*

*Ефтов: ...јас само...јас само... јас само цитирам...*

*Ангелов: ...и ако сте ме следеле...*

*Ефтов: ...ова е Ваш проглас...*

*Ангелов: Васко...*

*Ефтов: ...од 24 февруари 2013 година*

*Ангелов: ...десет години истото го зборувам. Прочитајте го.*

*Ефтов: Дали е ова Ваш проглас?*

*Ангелов: Прочитајте го, да, кажете прво не знам...*

*Ефтов: ...24 февруари 2013 година, и велите, ова е пред оној собир што треба да го праите во 'Континентал': 'Ќе започниме веднаш активности против националната катастрофа', значи вие како Достоинство...*

*Ангелов: Токму така и започнавме...*

* * *

(22:26:23 – 22:31:30)

*Ефтов: Одите во Тетово и Ве бркаат од кафана.*

*Ангелов: Мене ме бркаат од кафана?*

*Ефтов: Па пред десет дена. Одите во Тетово и Ве бркаат од кафана. Еве го, Стојанче Ангелов, Фактор. Фактор е, не е опозициски портал нели? Намерно Ви одбрав да не бидат опозициски портали. „Стојанче Ангелов е избркан од кафуле во Тетово". Ве избркале ли од кафуле во Тетово?*

*Ангелов: Апсолутно не, неточно! Никој не ни дојде до нас.*

*Ефтов: Еве ги албанските медиуми. Велат братучедот на вицепремиерот, задолжен за Охридскиот, видете која иронија. Значи братучедот на вицепремиерот Хазби Лика.*

*Ангелов: А ако не беше братучед на Хазби Лика ќе беше тогаш? Васко погледни какви работи кажуваш човече?*

*Ефтов: Ама не кажувам. Јас само цитирам.*

*Ангелов: А да те прашам уште нешто ако не беше братучед на Хазби Лика тогаш ќе беше во ред да ме избрка?*

*Ефтов: Јас да Ве прашам дали е точно или не е точно?*

*Ангелов: Никој не дојде до масата на генерал Ангелов. Бев таму со мојот генерален секретар и со уште еден Албанец, наш поддржувач, пензионер од МВР. Никој не... па тој може да напише таму што сака.*

*Ефтов: Господине Ангелов, сега морам да Ве разочарам.*

*Ангелов: Ајде*

*Ефтов: Тој Нухи Лика кој е прв братучед на Хазби Лика.*

*Ангелов: Добро*

*Ефтов: На тоа што Вие го напишавте каде што демантирате дека Ве избркале.*

*Ангелов: Добро, тој лаже!*

*Ефтов: „Овој пат се спаси...*

*Ангелов: ...а овој пат што ќе биде?*

*Ефтов: ...те очекувам да дојдиш пак па ќе видиме како лажам тогаш". Видете Ви се заканува...*

*Ангелов: И, добро? Не е прв што ми се заканувал.*

*Ефтов: ...на генерал на македонската полиција. Седнале и Ве избркале. Така ли ја спасивте Македонија?*

*Ангелов: Ама види сега. Повторно...*

*Ефтов: Ама сега, сите пишуваат. Ама Вие велите ко Тодор Живков, тази дупка не е дупка.*

*Ангелов: Васко јас... Не ова ти го тврдиш. Сум изненаден од твоето ниско ниво на резонирање.*

*Ефтов: Добро.*

*Ангелов: Васко јас одам во Тетово, седам во кафана, јас ти личам на Брус Ли, на тепач?*

*Ефтов: И Ве бркаат? И Ве бркаат? Не не, ама Ве бркаат.*

*Ангелов: Апсолутно не ме избркале.*

*Ефтов: Фактор пишува така? Порталите на албански јазик пишуваат*

*Ангелов: Готово! Еве ме избркале готово.*

*Ефтов: Па Ве избркаа.*

*Ангелов: Добро, и?*

*Ефтов: Не Ви е непријатно?*

*Ангелов: Не. Пушти го делот*

*Ефтов: Така ли ја браните Македонија?*

*Ангелов: Па мене никој не ме избркал бе Васко. Јас во 2001-ва ја бранев државата со топови, тенкови, пушки и митралези и со специјалци. Јас бев сам таму со еден човек. (Ефтов: Тоа беше генералот) И никој не дојде до мене значи. Прво веста е лажна, ти се обидуваш да ја протуриш како точна. (Ефтов: Тоа беше генералот Стојанче Ангелов) Второ јас не сум тепач бе Васко. Дали знаеш дека јас сум тежок воен инвалид? Дали знаеш дека немам половина бел дроб? И дека ја реално не смеам да се тепам, затоа што ми трпне целата оваа страна, имам 50 шрапнели во мене. Дали тоа го знаеш? И дека мојата крв ја натопи сувата македонска земја. Тоа дали го знаеш? Јас не Ве разбирам вас кај Вие се фаќате. Ајде да закажеме сеа со тој братучедот бокс меч, па да видиме кој е појак. Јас сум политичар бе. Јас на тепање ли ќе се мерам со другите луѓе? Мислам ова се глупости.*

*Ефтов: Се возбудивте.*

*Ангелов: Не*

*Ефтов: Да да се возбудивте.*

*Ангелов: Добро*

*Ефтов: Допревме во точка која не очекувавте.*

*Ангелов: Како не очекував?*

*Ефтов: Па да*

*Ангелов: Апсолутно, знаев зошто ме викнавте.*

*Ефтов: Тетово е во Македонија или надвор од Македонија?*

*Ангелов: Во Македонија и слободно се движам секаде во Тетово. Јас тој ден бев во пет места во Тетово.*

*Ефтов: Слободно Ве бркаат од Тетово.*

*Ангелов: Никаде, апсолутно никаде немав никаков проблем. Ова е Ваше лажно тврдење.*

*Ефтов: Како лажно тврдење. Па гледате, сите медиуми, сите медиуми во Македонија... Не Фактор кажува, намерно Фактор.*

*Ангелов: Сител кажал, на Сител кажале?*

*Ефтов: Не ова е Фактор*

*Ангелов: Што е тоа Фактор?*

*Ефтов: Фактор е портал, кој се повикува на албанските медиуми, се повикува на Лајм.*

*Ангелов: А на што се повикува? А дали се јавија да побараат од мене изјава овие Фактор? А дали основното новинарско правило е да ја побарате втората страна Васко?*

*Ефтов: Па еве ја втората страна (покажува лист со Фејсбук коментари)*

*Ангелов: Па немој сеа да ме заебаваш, тоа е првата страна, кој што тврди.*

*Ефтов: Ви пишува, Ви пишува дека тоа е првиот братучед на Хазби Лика.*

*Ангелов: А ако не беше прв братучед на Хазби Лика, тогаш немаше да биде страшно. Некој друг да дојдеше да ме избрка тогаш ќе беше ОК. Види кое релативизирање го правите еј.*

*Ефтов: Тоа покажува господине Ангелов колку е ирационално сѐ ова што го зборите.*

*Ангелов: Не бе Васко. Тебе ти смета соживотот на кој што работиме и така натака.*

*Ефтов: Господине Ангелов, кога се разбудувате насабајле со вакви тези?*

*Ангелов: Зависи. Ако идам на тренинг наутро станувам околу 6, станувам и вежбам.*

*Ефтов: Не не, 2013 година имате едни тези.*

*Ангелов: Истите тези ги имам и сеа Васко. Зошто лажеш?! Не, во емисија ме гледаш во очи и лажеш. Која теза од 2013 кај мене е променета кажи ми?*

*Ефтов: Вие се залагате за соживот. Вие се залагате за „генерализација".*

*Ангелов: Не не, чекај малку, а во 2013 за што се залагав кажи ми?*

*Ефтов: Вие 2013 барате УЧК да се избркаат од структурите на армијата.*

*Ангелов: Не сум барал да се избркаат. Барав да се покрене референдумска иницијатива, на која целиот македонски народ на референдум ќе каже дали ветераните на УЧК ќе може да вршат јавни...*

*Ефтов: Активности за кои сме убедени дека ќе резултираат со отстранување на Талат Џафери од функцијата министер за одбрана, активности кои нема да ги прекинеме додека УЧК е на чело на АРМ. Не Талат Џафери, УЧК.*

*Ангелов: Васко, ама Вие сега спинувате. Тогаш напишаа на еден албански сајт дека УЧК е на чело на АРМ, алудирајќи дека Талат Џафери од УЧК е министер за одбрана. Не мислеа на целата УЧК.*

*Ефтов: Па уште велите, дали е соживот, насилната и незаконска промена на имињата на училиштата, улици...*

*Ангелов: Па, дали е соживот тоа кажете ми? Тоа во ред ли е?*

*Ефтов: Сменето ли е тоа? Не не, ама сменето ли е тоа? Вие сте дел од владина коалиција така? Сменето ли е тоа?*

*Ангелов: Па завршена работа е.*

*Ефтов: Не не, ама сменето ли е тоа?*

* * *

(22:43:56 – 22:43:59)

*Ефтов: Значи има промена на името?*

*Ангелов: Географска одредница*

*Ефтов: Сега значи потврдувате дека има промена на името.*

*Ангелов: Географска одредница*

*Ефтов: Ама лутате, ама лутате ко мува во август од еден во друг пенџер.*

*Ангелов: Исто и Вие. И Вие. Така ми е убаво, така се чувствувам.*

*Ефтов: Се удрате од еден во друг пенџер како оние ќерамидите кои ги кршевте пред Твитер заедницата. Имаше ли последици од тоа кршење на ќерамидите?*

*Ангелов: Да, имаше. Тешки. Да.*

*Ефтов: Тоа ќе ви биде олеснителна околност за ова што го зборите или отежителна околност.*

*Ангелов: Не знам не сум зборувал со никого на таа тема.*

* * *

(22:46:06 – 22:47:13)

*Ефтов: Претседателот на Светски македонски конгрес е претепан во Скопје. Вие сте избркани од кафуле во Тетово.*

*Ангелов: Повторно невистина кажуваш. Како не ти срам во емисија, ќе те тужам!*

*Ефтов: Да ме тужите?*

*Ангелов: Да апсолутно.*

*Ефтов: Одма да ме тужите. (ги вади пак листовите со текстови од портали)*

*Ангелов: Види ти изнесуваш невистина. Сега јас ти ја кажувам другата.*

*Ефтов: Јас само цитирам медиуми. Нит сум бил очевидец, нит сум бил сведок. Цитирам медиуми: „Стојанче Ангелов, избркан од кафулето". Ги тужевте ли овие медиуми?*

*Ангелов: Да да, напишав кај мене. А зошто не го прочитате мојот Фејсбук статус.*

*Ефтов: Не не, ги тужевте ли?*

*Ангелов: Да, го читам идентитетот, да го најдам ќе го тужам. Токму така. Доколку дозволуваат нашите законски прописи, ќе го тужам.*

*Ефтов: На вашиот Фејсбук статус имаше, коментар на Нухи Лика, овој пат се спаси, те очекувам да дојдеш друг пат. Ќе видиме кој лаже.*

*Ангелов: Еве ќе ти се јавам, а може да одиме заедно во Тетово утре?*

*Ефтов: Со Вас богами нигдека.*

*Ангелов: Се плашите да не Ве утепат, ја мислев дека сте похрабар човек.*

*Ефтов: Не со Вас, не. Тодор Петров, претепан во Скопје. Полицајка претепана. Два министри.*

*Ангелов: Повторно кажавте тешка лага. Која полицајка е претепана? Значи ова не е емисија бе Васко. Ти кажуваш тврдења лажни.*

* * *

(22:47:13 – 22:50:07)

*Ефтов: Два министри. Претепани ли се два поранешни министри во затворот во Шутка?*

*Ангелов: Нападнати се. Не се претепани, но и тоа е грев што се нападнати. Не требаше да биде дозволено, тоа е голем пропуст од страна на затворската управа и некој треба да одговара.*

*Ефтов: Од кого се нападнати господине Ангелов? Од Македонци или од Албанци?*

*Ангелов: Од било кој сеедно е.*

*Ефтов: Од Македонци или од Албанци се нападнати?*

*Ангелов: Која е разликата за оној што е тепан дали е нападнат од Македонец или од Албанец?*

*Ефтов: Толку ли е тешко да одговорите?*

*Ангелов: Од она што го знаеме од медиумите од луѓе учесници од Диво Насеље.*

*Ефтов: Од Македонци или од Албанци?*

*Ангелов: Да*

*Ефтов: А претходно, овие се нападнати од висок функционер на ДУИ.*

*Ангелов: Да и тоа што значи?*

*Ефтов: Видете, 20 години од 2002 до денес, Албанците гласаа за УЧК, за ОВК...*

*Ангелов: Кажавте голема невистина Васко, Вие лажете!*

*Ефтов: Која партија победува на избори од 2002 до денес? ДУИ.*

*Ангелов: ДУИ*

*Ефтов: партијата која е настаната...*

*Ангелов: Дали ДУИ е преполовена во однос на последните и претпоследните избори?*

*Ефтов:... која е настаната... која е настаната од УЧК.*

*Ангелов: Дали Албанците ја казнија?*

*Ефтов: Па дали може без партијата ДУИ да се формира влада на РМ?*

*Ангелов: Во овој момент, не.*

*Ефтов: Дали Зоран Заев оди и ја моли партијата ДУИ за консензуален кандидат?*

*Ангелов: Не знам, не верувам, не верувам. Тоа не е молење тоа се политички преговори, зошто така зборувате. Оваа Влада има 61 пратеник и без ДУИ.*

*Ефтов: Партијата која е политичко крило на УЧК, владее со Р. Македонија.*

*Ангелов: За жал, да.*

*Ефтов: Дали СЈО има осудено или има обвинето, било кој функционер освен Бујар Османи.*

*Ангелов: Мислам дека има неколку процеси против ДУИ.*

*Ефтов: Дали некој е влезен во затвор?*

*Ангелов: Сѐ уште не.*

*Ефтов: Дали го имате видено во суд? Испаѓа дека само Македонците се криминалци?*

*Ангелов: Види повторно лаги. Генерализации, Васко.*

*Ефтов: Па гледате не смеете да се спротивставите на УЧК.*

*Ангелов: Васко, ако има криминал не краделе Албанците, краделе дел од нивната политичка елита. Ама како Вие вака генерализирате? Вие сакате повторно тепачка. Да гинеме. Вие ќе правите емисии додека ние гинеме. Кој ќе војува Васко, си се запрашал ли? Знаеш колку Македонци служат воен рок годишно? 200,300 луѓе преку сила.*

*Ефтов: Ангелов, кој Ве рани вас?*

*Ангелов: УЧК*

*Ефтов: Која е партијата која настана како политичка...?*

*Ангелов: ДУИ од УЧК.*

*Ефтов: Со кого сте во коалиција?*

*Ангелов: Со ДУИ со УЧК, со тие кои што ме ранија. И ќе бидам со нив и понатака, бидејќи тоа е суровата реалност, но ќе се бориме повеќе да нема војна во Македонија.*

*Ефтов: Кој беше командант на УЧК?*

*Ангелов: Али Ахмети*

*Ефтов: Што е денес Али Ахмети?*

*Ангелов: Пратеник.*

*Ефтов: Дали е на чело на ДУИ?*

*Ангелов: Апсолутно да.*

*Ефтов: Дали е еден од двата клучни коалициони партнери?*

*Ангелов: Да*

*Ефтов: Кој ја праеше војната 2001 година?*

*Ангелов: Али Ахмети*

*Ефтов: Епа ја ли праам војна?*

*Ангелов: Со ваквите тврдења. А како Вие тоа ќе го смените господине Ефтов?*

*Ефтов: Ама војна прави господине Ангелов, тој што Ви е клучен коалиционен партнер, тој направи војна.*

*Ангелов: Треба да научиме дека Албанците се наша реалност, ние понатака не смееме да дозволиме на екстремните структури да го хранат национализмот на нивна страна и да се предизвика нов конфликт. За среќа, со влезот во НАТО тоа е завршена приказна бидејќи не верувам дека веќе во Македонија ќе постои опасност од воен конфликт.*

* * *

*(22:53:07 – 22:53:59)*

*Ангелов: Зошто Вие сметате дека оние луѓе што нас не поддржуваат, тие се нелуѓе, не се Македонци?*

*Ефтов: Што не ги извадивте да гласаат? Тие луѓе се малцинство во Република Македонија.*

*Ангелов: Тоа е Ваше тврдење, јас сметам дека е мнозинство.*

*Ефтов: Беа шесто и три-четириесет илјади гласа. Од кои, барем пеесетина во последните саат време, каде што со светски рекорд на Усеин Болт во две секунди се гласаше на одредени избирачки места.*

*Ангелов: На колку гласачки места се случило тоа Васко?*

*Ефтов: Значи со шесто илјади луѓе Ангелов, со шесто илјади луѓе и со осум уценети пратеници, не се менува име на една држава.*

*Ангелов: Тоа е ваше тврдење.*

*Ефтов: Срамота е тоа!*

*Ангелов: Историјата ќе покаже.*

*Ефтов: Историјата ќе Ви суди. Правите злостор кон македонскиот народ.*

*Ангелов: Историјата Васко на тебе и таквите како тебе ќе ви суди. Затоа што се обидувате да ја разгорите меѓуетничката тензија во Македонија.*

* * *

(22:53:53 – 22:56:48)

*Ефтов: Ама во Диво Насеље Ваши колеги загинаа.*

*Ангелов: Токму така. И ја објавив прв и кажав дека таму постои голема опасност*

*Ефтов: Ама нели Ви е срам?*

*Ангелов: Тебе треба да ти биде срам.*

*Ефтов: Сакате да подгреете војна, ама Ви ги масакрираа колегите. Ги покосија ко снопје. Луѓе дојдени од Косово. И Вие сега за војна ми зборувате?*

*Ангелов: Дали знаеш дека во ЕБР имало и Албанци кои што рамо до рамо со Македонците се бореле и ги убиле дел од терористите кои што беа внатре?*

*Ефтов: Ама нормално е.*

*Ангелов: Албанци кои што се бореа внатре! Дали албанскиот народ се крена да даде поддршка на тие терористи? Дали албанскиот народ даде поддршка? Не зборувам за одредени структури, зборувам за албанскиот народ. Или ги осуди?*

*Ефтов: Ама Ангелов, Вие ги гледавте снимките? Креваат (гестикулира со два прста за V).*

*Ангелов: Бев во Ирак тогаш, не можев да ги гледам.*

*Ефтов: Имаше „V“. Имаше свирење кон македонската полиција која дојде да интервенира.*

*Ангелов: Од колку луѓе бе Васко. Повторно со ова генерализирате.*

*Ефтов: Ама повторно со тоа...*

*Ангелов: Па ти цело време генерализираш.*

*Ефтов: А со колку луѓе Вие ќе бидете задоволни?*

*Ангелов: Ти сметаш дека Албанците во Македонија ја оправдуваат акцијата на терористите во Диво Насеље. Тогаш зошто не се приклучија и не започна нов конфликт?*

*Ефтов: Албанците во Македонија гласаат за УЧК, за ОВК.*

*Ангелов: Не е точно.*

*Ефтов: За АНА*

*Ангелов: Не е точно.*

*Ангелов: Албанците во Македонија на последните избори двојно помалку гласаа за ДУИ отколку претходно. Неточно тврдење изнесувате.*

*Ефтов: Албанците во Косово, гласаа за Хашим Тачи и Рамуш Харадинај.*

*Ангелов: Остај го сеа Косово, не ми е сфера на интерес на мене. Зборуваме за Македонија.*

*Ефтов: Албанците гласаат за нив. Не јас и Вие.„*

* * *

При комуниколошките анализи на програмите, потребно е секогаш да се има предвид жанрот на емисијата и нејзините карактеристики, зашто тие говорат за очекувањата на публиката. Острината е карактеристична одлика на стилот на водење интервју на водителот Васко Ефтов во емисијата „Во центар". Сепак, интервјуто со Стојанче Ангелов се одликува со исклучителна острина, што го кажува и самиот Ефтов, кој во најавата нагласува дека станува збор за *„50 минути тврдо интервју со Стојанче Ангелов"*. Од самиот почеток на разговорот со Ангелов, водителот Васко Ефтов поставува провокативни прашања, кои се однесуваат на личноста и делувањето на Стојанче Ангелов сега и во минатото. Со компарација на, според него – двете контрадикторни лица, генерал и сега политичар во владината коалиција, се обидува да ги дискредитира неговите мислења и ставови. На овие тврдења, дека се работи за подвоена личност со два карактери, Стојанче Ангелов се спротивставува и неколку пати повторува дека се работи за истиот човек кој стои на своите ставови од минатото и не е шизофреничар:

*„**Ефтов:** Кога политичарот Стојанче Ангелов го уби генералот Стојанче Ангелов?*

***Ангелов:** Јас сум истиот човек.*

***Ефтов:** Не. Вас не Ве ранија и не Ве убија во Арачиново. Вие сами се убивате. Ден за ден...*

***Ангелов:** Ова е Ваше тврдење Васко...*

***Ефтов:** ...дали можи генералот Стојанче Ангелов да го погледне во огледало политичарот Стојанче Ангелов?*

***Ангелов:** Добро, јас Вам Ви личам на шизофреничар? Вие цело време зборувате за две личности*

Ефтов сакајќи да го испровоцира соговорникот, употребуваше и навредливи споредби, на кои Ангелов често му реплицираше со саркастични одговори:

***Ефтов:** Ама лутате, ама лутате ко мува во август од еден во друг пенџер.*

***Ангелов:** Исто и вие. И вие. Така ми е убаво, така се чувствувам.*

***Ефтов:** Се ударате од еден во друг пенџер како оние ќерамидите кои ги кршевте пред Твитер заедницата. Имаше ли последици од тоа кршење на ќерамидите?*

***Ангелов:** Да, имаше. Тешки. Да.*

***Ефтов:** Тоа ќе ви биде олеснителна околност за ова што го зборите или отежителна околност.*

***Ангелов:** Не знам не сум зборувал со никого на таа тема."*

Гостинот во разговорот беше константно прекинуван, односно водителот и гостинот зборуваа истовремено. На обидите на Ангелов да одговори на поставените прашања, Ефтов веднаш го повторуваше истото прашање или пак му поставуваше потпрашање. Исто така, во неколку наврати гостинот негираше наводи од написи во врска со настани во кои самиот учествувал, но водителот не ги прифаќаше неговите ставови за меродавни и инсистираше на информациите пренесени од медиуми. Освен ова, за настани кои се случиле и со кои е запознаена јавноста изнесуваше тврдења со кои тие се прикажуваат како потешки (инцидент со напад врз полицајка станува *претепана полицајка*, напад во затвор станува *претепани министри*) при што гостинот е тој којшто го соочува водителот со ваквото преувеличување. Со ваквите одлики на интервјуто, беше доведено во прашање објективното и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења, зачувувањето на достоинството на соговорникот како и на правото на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.

Иритиран од, според него, лажните тврдења изнесени од водителот, Ангелов континуирано се обидува да ги каже своите информации за настан во текот на кој наводно Ангелов бил избркан од кафуле во Тетово, при што се спомнува и братучед на Хазби Лика. Не можејќи да му докаже на Ефтов дека е важна и неговата страна за случајот во кој непосредно учествувал, тој му вели дека ќе го тужи за искажани невистини:

"**Ефтов:** ... Вие сте избркани од кафуле во Тетово.

**Ангелов:** Повторно невистина кажуваш. Како не ти срам во емисија, ќе те тужам!

**Ефтов:** Да ме тужите?

**Ангелов:** Да апсолутно.

**Ефтов:** Одма да ме тужите.

**Ангелов:** Види ти изнесуваш невистина. Сега јас ти ја кажувам другата.

**Ефтов:** Јас само цитирам медиуми. Нит сум бил очевидец, нит сум бил сведок. Цитирам медиуми: „Стојанче Ангелов, избркан од кафулето". Ги тужевте ли овие медиуми?

**Ангелов:** Да да, напишав кај мене. А зошто не го прочитате мојот Фејсбук статус.

**Ефтов:** Не не, ги тужевте ли?

**Ангелов:** Да, го читам идентитетот, да го најдам ќе го тужам. Токму така. Доколку дозволуваат нашите законски прописи, ќе го тужам.

**Ефтов:** На вашиот Фејсбук статус имаше, коментар на Нухи Лика, овој пат се спаси, те очекувам да дојдеш друг пат. Ќе видиме кој лаже.

**Ангелов:** Еве ќе ти се јавам, а може да одиме заедно во Тетово утре?

**Ефтов:** Со Вас богами нигдека.

**Ангелов:** Се плашите да не Ве утепат, ја мислев дека сте похрабар човек.

**Ефтов:** Не со Вас, не. Тодор Петров, претепан во Скопје. Полицајка претепана. Два министри.

**Ангелов:** Повторно кажавте тешка лага. Која полицајка е претепана? Значи ова не е емисија бе Васко. Ти кажуваш тврдења лажни."

***

„**Ефтов**: Тетово е во Македонија или надвор од Македонија?

**Ангелов**: Во Македонија и слободно се движам секаде во Тетово. Јас тој ден бев во пет места во Тетово.

**Ефтов**: Слободно Ве бркаат од Тетово.

***Ангелов**: Никаде, апсолутно никаде немав никаков проблем. Ова е Ваше лажно тврдење.*

***Ефтов**: Како лажно тврдење. Па гледате, сите медиуми, сите медиуми во Македонија... Не Фактор кажува, намерно Фактор.*

***Ангелов**: Сител кажал, на Сител кажале?*

***Ефтов**: Не ова е Фактор*

***Ангелов**: Што е тоа Фактор?*

***Ефтов**: Фактор е портал, кој се повикува на албанските медиуми, се повикува на Лајм.*

***Ангелов**: А на што се повикува? А дали се јавија да побараат од мене изјава овие Фактор? А дали основното новинарско правило е да ја побарате втората страна Васко?*

***Ефтов**: Па еве ја втората страна (покажува лист со Фејсбук коментари)*

***Ангелов**: Па немој сеа да ме заебаваш, тоа е првата страна, кој што тврди.*

***Ефтов**: Ви пишува, Ви пишува дека тоа е првиот братучед на Хазби Лика.*

***Ангелов**: А ако не беше прв братучед на Хазби Лика, тогаш немаше да биде страшно. Некој друг да дојдеше да ме избрка тогаш ќе беше ОК. Види кое релативизирање го правите еј.*

***Ефтов**: Тоа покажува господине Ангелов колку е ирационално сè ова што го зборите.“*

Во емисијата беа изнесени и ставови во врска со Албанците, кои без контекстот што, во емисијата „Во центар“ наместо водителот Васко Ефтов го дава соговорникот Стојанче Ангелов, во најмала рака се дискриминаторски бидејќи претставуваат негативни и стереотипизирачки генерализации за една цела етничка заедница.

*“**Ефтов:** Два министри. Претепани ли се два поранешни министри во затворот во Шутка?*

***Ангелов:** Нападнати се. Не се претепани, но и тоа е грев што се нападнати. Не требаше да биде дозволено, тоа е голем пропуст од страна на затворската управа и некој треба да одговара.*

***Ефтов:** Од кого се нападнати господине Ангелов? Од Македонци или од Албанци?*

***Ангелов:** Од било кој сеедно е.*

***Ефтов:** Од Македонци или од Албанци се нападнати?*

***Ангелов:** Која е разликата за оној што е тепан дали е нападнат од Македонец или од Албанец?*

***Ефтов:*** *Толку ли е тешко да одговорите?*

***Ангелов:*** *Од она што го знаеме од медиумите од луѓе учесници од Диво Населье.*

***Ефтов:*** *Од Македонци или од Албанци?*

***Ангелов:*** *Да*

***Ефтов:*** *А претходно, овие се нападнати од висок функционер на ДУИ.*

***Ангелов:*** *Да и тоа што значи?*

***Ефтов:*** *Видете, 20 години од 2002 до денес, Албанците гласаа за УЧК, за ОВК...*

***Ангелов:*** *Кажавте голема невистина Васко, вие лажете!*

***Ефтов:*** *Која партија победува на избори од 2002 до денес? ДУИ.*

***Ангелов:*** *ДУИ*

***Ефтов:*** *партијата која е настаната...*

***Ангелов:*** *Дали ДУИ е преполовена во однос на последните и претпоследните избори?*

***Ефтов:*** *... која е настаната... која е настаната од УЧК.*

***Ангелов:*** *Дали Албанците ја казнија?*

***Ефтов:*** *Па дали може без партијата ДУИ да се формира влада на РМ?*

***Ангелов:*** *Во овој момент, не.*

***Ефтов:*** *Дали Зоран Заев оди и ја моли партијата ДУИ за консензуален кандидат?*

***Ангелов:*** *Не знам, не верувам, не верувам. Тоа не е молење тоа се политички преговори, зошто така зборувате. Оваа Влада има 61 пратеник и без ДУИ.*

***Ефтов:*** *Партијата која е политичко крило на УЧК, владее со Р. Македонија.*

***Ангелов:*** *За жал, да.*

***Ефтов:*** *Дали СЈО има осудено или има обвинето, било кој функционер освен Бујар Османи.*

***Ангелов:*** *Мислам дека има неколку процеси против ДУИ.*

***Ефтов:*** *Дали некој е влезен во затвор?*

**Ангелов:** *Сè уште не.*

**Ефтов:** *Дали го имате видено во суд? Испаѓа дека само Македонците се криминалци?*

**Ангелов:** *Види повторно лаги. Генерализации, Васко.*

**Ефтов:** *Па гледате не смеете да се спротивставите на УЧК.*

**Ангелов:** *Васко, ако има криминал не краделе Албанците, краделе дел од нивната политичка елита. Ама како Вие вака генерализирате? Вие сакате повторно тепачка. Да гинеме. Вие ќе правите емисии додека ние гинеме. Кој ќе војува Васко, си се запрашал ли? Знаеш колку Македонци служат воен рок годишно? 200,300 луѓе преку сила.*

**Ефтов:** *Кој ја праеше војната 2001 година?*

* * *

**Ефтов:** *Епа ја ли праам војна?*

**Ангелов:** *Со ваквите тврдења. А како Вие тоа ќе го смените господине Ефтов?*

**Ефтов:** *Ама војна прави господине Ангелов, тој што Ви е клучен коалиционен партнер, тој направи војна.*

**Ангелов:** *Треба да научиме дека Албанците се наша реалност, ние понатака не смееме да дозволиме на екстремните структури да го хранат национализмот на нивна страна и да се предизвика нов конфликт. За среќа со влезот во НАТО тоа е завршена приказна бидејќи не верувам дека веќе во Македонија ќе постои опасност од воен конфликт.*

* * *

**Ефтов:** *Значи со шесто илјади луѓе Ангелов, со шесто илјади луѓе и со осум уценети пратеници, не се менува име на една држава.*

**Ангелов:** *Тоа е Ваше тврдење.*

**Ефтов:** *Срамота е тоа!*

**Ангелов:** *Историјата ќе покаже.*

**Ефтов:** *Историјата ќе Ви суди. Правите злостор кон македонскиот народ.*

**Ангелов:** *Историјата Васко на тебе и таквите како тебе ќе ви суди. Затоа што се обидувате да ја разгорите меѓуетничката тензија во Македонија.*

* * *

**Ефтов:** Ама во Диво Насеље ваши колеги загинаа.

**Ангелов:** Токму така. И ја објавив прв и кажав дека таму постои голема опасност

**Ефтов:** Ама нели ви е срам?

**Ангелов:** Тебе треба да ти биде срам.

**Ефтов:** Сакате да подгреете војна, ама Ви ги масакрираа колегите. Ги покосија ко снопје. Луѓе дојдени од Косово. И Вие сега за војна ми зборувате?

**Ангелов:** Дали знаеш дека во ЕБР имало и Албанци кои што рамо до рамо со Македонците се бореле и ги убиле дел од терористите кои што беа внатре?

**Ефтов:** Ама нормално е.

**Ангелов:** Албанци кои што се бореа внатре! Дали албанскиот народ се крена да даде поддршка на тие терористи? Дали албанскиот народ даде поддршка? Не зборувам за одредени структури, зборувам за албанскиот народ. Или ги осуди?

**Ефтов:** Ама Ангелов, Вие ги гледавте снимките? Креваат (гестикулира со два прста за V).

**Ангелов:** Бев во Ирак тогаш, не можев да ги гледам.

**Ефтов:** Имаше „V". Имаше свирење кон македонската полиција која дојде да интервенира.

**Ангелов:** Од колку луѓе бе Васко. Повторно со ова генерализирате.

**Ефтов:** Ама повторно со тоа...

**Ангелов:** Па ти цело време генерализираш.

**Ефтов:** А со колку луѓе Вие ќе бидете задоволни?

**Ангелов:** Ти сметаш дека Албанците во Македонија ја оправдуваат акцијата на терористите во Диво Насеље. Тогаш зошто не се приклучија и не започна нов конфликт?

**Ефтов:** Албанците во Македонија гласаат за УЧК, за ОВК.

**Ангелов:** Не е точно.

**Ефтов:** За АНА

**Ангелов:** Не е точно.

***Ангелов**: Албанците во Македонија на последните избори двојно помалку гласаа за ДУИ отколку претходно. Неточно тврдење изнесувате.“*

Во интервјуата е пожелно спротивставување на политичките ставови на гостинот, но со аргументи, а не со обиди за лична дискредитација, зашто професионалноста во новинарската професија подразбира почитување на достоинството на личноста како и еднаков третман на различните гледишта и ставови. Исто така, новинарите треба да се залагаат за толеранција, почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло, што во посоченото издание на емисијата „Во центар“ не беше случај.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 61 став 1 алинеи 1, 3 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, на 24 февруари 2019 година, во делови од емисијата „Во центар“, новинарот Васко Ефтов, при интервјуто со претседателот на политичката партија Достоинство Стојанче Ангелов, не ги почитуваше начелата за „заштита на ... достоинството на личноста“, за „поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло“ и „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања“, бидејќи не одржа професионална дистанца, го оневозможуваше соговорникот да се доискаже, користеше лични дискредитации, не го почитуваше изнесувањето на другата страна за настаните во кои соговорникот бил учесник и направи негативни стереотипизирачки генерализации за цела етничка заедница базирани врз однесување на индивидуи, односно се обраќаше на начин кој е непримерен за комуникација преку медиум.

## 9. Предлог-мерка:

Во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година, Советот на Агенцијата да го прифати извештајот од надзорот и да донесе заклучок на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, писмено да му се укаже за констатираното прекршување на член 61 став 1 алинеи 1, 3 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***